Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/13
15.09 2023 год.
СКОПЈЕ

АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН

AUE FON
AMERICAN UNIVERSITY OF EUROPE

# Б И Л Т Е Н

**БР. 5-2022/2023**

**Скопје, 15.09.2023**

# С О Д Р Ж И Н А

Реферат за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области Инженерска графика (20118) и Вештачка интелегенција и системи (21205) на Архитектонски факултет, во состав на Американски универзитет на Европа ФОН – Скопје ....................................156

Реферат за избор на наставник во сите наставно – научни звања, по стручно-уметнички предмети, од научната област: Архитектонско проектирање и дизајн – 20100, Архитектонски факултет, во состав на Американски универзитет на Европа (АУЕ) ФОН, Скопје........................................................................................................................165

Реферат за избор на наставник во сите наставно – научни и соработнички звања од областа на Архитектонско проектирање и дизајн на Архитектонски факултет, во состав на Првиот приватен Универзитет- ФОН Скопје...........................................................................174

Рецензија на книга „Адвертајзинг и промоција, интегрирани маркетинг менаџмент комуникации, односи со јавност“ од авторите Професор Емеритус Мирко Трипуноски, Доц. Д-р Марина Кантарџиева, М-р Маја Трупуноска................................................................183

Рецензија на книга „Меѓународен менаџмент“ од авторите проф. д-р Силвана Јовческа и проф. Васил Поповски..........................................................................................................192

Рецензија на книга „Управување со резултати“ од авторот проф. д-р Ирена Ашталкоска...................................................................................................................197

Преглед на наслови на теми за изработка на магистерски трудови усвоени на наставно-научните совети на Американскиот Универзитет на Европа – ФОН билтен бр. 5............203

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ИНЖЕНЕРСКА ГРАФИКА (20118) И ВЕШТАЧКА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА И СИСТЕМИ (21205) НА АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ, ВО СОСТАВ НА АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА ФОН СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот Факултет во состав на Американски Универзитет на Европа – ФОН, Скопје на својата девета седница одржана на 30.8.2023 година донесе Одлука бр. 18-811/3 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области „Инженерска графика" – друго (20118) и „Вештачка интелигенција и системи" (21205) во следниов состав:

- д-р Цвета Мартиновска Банде – редовен професор на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип,
- д-р Сузана Лошковска – редовен професор на ФИНКИ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје,
- д-р Мумен Абуаркуб – редовен професор на Американски Универзитет на Европа – ФОН, Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Нова Македонија" на 29.6.2023 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Мимоза Клековска (род. Мајстороска), вонреден професор на Архитектонскиот Факултет во состав на Американски Универзитет на Европа – ФОН, Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, избраната Рецензентска Комисија на Наставно - научниот совет на Архитектонскиот Факултет во состав на Американски Универзитет на Европа – ФОН, Скопје, му го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

### *Биографски податоци*

Д-р Мимоза Клековска е родена на 27.7.1966 година во Скопје, Македонија. Основно и средно училиште завршила во Скопје, со континуиран одличен успех. Во текот на основното и средното образование во гимназијата „Раде Јовчевски - Корчагин" учествувала на повеќе државни натпревари по математика, на кои има освојувано награди и пофалници за успешно учество.

По завршување на средното образование се запишала на Архитектонскиот факултет во Скопје каде дипломирала на 15.9.1989 година, со што се стекнала со стручен назив дипломиран инженер архитект.

На ден 07.5.1993 година магистрирала на Електротехничкиот Факултет при Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје на тема: „Геометриска анализа и автоматско препознавање на црковнословенската азбука за нејзина примена во компјутерски апликации" под менторство на проф. д-р Драган Михајлов и се стекнала со научен степен магистер на електротехнички науки во областа на информатиката.

На ден 05.3.2013 година на Техничкиот Факултетот во Битола го одбранила докторскиот труд на тема: „Развој на метод за препознавање на писма со примена врз црковнословенска кирилска азбука" и се стекнала со научен степен доктор на техничките науки.

## НАУЧЕН РАЗВОЈ

Д-р Мимоза Клековска од рани години, како младински активист учествувала во различни проекти меѓу кои:

- Етнологија - „Скопска Блатија" – карактеристични елементи во облеката, архитектурата и покуќнината во регионот околу Скопје,
- Архитектура - „Валоризација на оштетувањата од земјотресот во Брус" – планина Копаоник, Југославија,
- Архитектура - „Ревитализација на селските населби во охридско-струшки регион",
- Минерологија - „Термални води" – компаративни анализи на неколку извори на термална вода во околината на Дебар, Македонија,
- Историја - „Беа, загинаа, останаа" – собирање на архивска документарна граѓа за монографија.

Како Претседател или член на оценувачка комисија повеќе години зема учество во „Смотрите на младите природници и техничари“ за што има добиено и повеќе Признанија.

Член е на Комората на овластени инженери и архитекти со лиценца за проектирање објекти од нискоградба т.е. ОВЛАСТУВАЊЕ Б – број 1.1585 за изработка на проектна документација од архитектура. Повремено зема учество на предавања, трибини и работилници организирани од страна на Комората.

Повеќе години работи во приватна консултантска фирма. Учествувала во проектирањето на повеќе објекти и партерни решенија во стамбени, црковни, деловени, сместувачки, угостителски капацитети, телевизиски и тонски студија и др. Како соработник учествува во изработка на повеќе документарни и образовни TV серијали.

На 31.1. 2014 година избрана е за насловен доцент (а подоцна и за доцент) на Институтот за дигитална форензика при Универзитетот "Евро Балкан" во Скопје, во научното подрачје техничко-технолошки науки, научните области од научното поле графичко инженерство.

Од 17.9.2016 год работи како доцент, а, потоа од 21.9.2018 год како вонреден професор на Првиот приватен универзитет ФОН, сега преименуван во Американски Универзитет на Европа, Скопје.

***Наставно-образовна дејност***

На Институтот за дигитална форензика на доц. д-р Мимоза Клековска се доверува настава по предметите:

- Методи на форензичка идентификација преку препознавање на облици, изборен предмет на насоката дигитална форензика во 10 семестар,
- Архитектура на компјутери, изборен предмет на насоката дигитална форензика, 8 семестар,
- Интернет технологии, изборен предмет на насоката дигитална форензика, 7 семестар и изборен предмет на насоката е-банкарство, 7 семестар,
- Оперативни системи, изборен предмет на насоката дигитална форензика, 7 семестар,
- Компјутерски алатки, изборен предмет на насоката дигитална форензика, 7 семестар и изборен универзитетски предмет на насоката дигитална форензика 9 семестар,
- Методика на истражување на електронскиот криминал, задолжителен предмет на насоката дигитална форензика, 9 семестар.

Дел од овие предмети се реализирани со активни предавања, а дел со менторско водење.

Како ментор работела со четири студенти во изработката на нивните магистерски теми на овој Институт, а дополнително како претседател или член е ангажирана во изработката на уште седум магистерски трудови.

Во септември 2016 година со взаемна спогодба меѓу универзитетите “Евро Балкан“ во Скопје и Архитектонскиот Факултет во состав на Првиот Приватен Универзитет – ФОН Скопје паралелно со поделено работно време држи настава и на двата универзитета. Со драстичното намалување на студентите на универзитетот “Евро Балкан“ во Скопје, замира и тамошниот нејзиниот ангажман.

На Архитектонскиот Факултет во состав на Американски Универзитет на Европа, Скопје, покрива настава на повеќе предмети во прв и втор циклус на студии (според последна распределба на предмети).

***Прв циклус на студии***

1. Нацртна геометрија, задолжителен предмет во прв семестар
2. Апликација на компјутерски програми CAD, задолжителен предмет во втор семестар
3. Перспектива, изборен предмет во втор семестар
4. Основи на урбанизам, задолжителен предмет во трет семестар
5. Урбанистичко планирање, задолжителен предмет во четврти семестар
6. Урбанистичко обликување, задолжителен предмет во петти семестар
7. Инсталации во архитектурата, задолжителен предмет во шести семестар
8. Современа архитектура, задолжителен предмет во петти семестар
9. Енергетска ефикасност, изборен предмет во седми семестар
10. Одржлива архитектура, изборен предмет во осми семестар
11. Урбана и градежна легислатива, изборен предмет во шести семестар

***Втор циклус на студии по новодобиена акредитација за насока Дизајн на архитектонски простор***

1. Перспектива, трет семестар
2. Партерно уредување, осми семестар
3. Енергетски ефикасен простор, деветти семестар
4. Методологија на научно-истражувачка работа, деветти семестар

Комисиски учествува во покривањето на други предмети од втор циклус на настава според старата или новата наставна програма.

Како ментор, претседател или член ангажирана е во изработката на повеќе дипломски работи, а и во неколку магистерски трудови.

Активно учествувала во промотивните активности на Факултетот за промоција на студиските програми пред идните студенти на Архитектонскиот Факултет.

Била член на Сенатот на Универзитетот ФОН.

Од 22.12.2021 год е декан на Архитектонскиот факултет и член на Ректорската управа на Американски Универзитет на Европа, Скопје.

***Научно-истражувачка дејност***

Поле на научно-истражувачки и стручен интерес на кандидатката се вештачката интелигенција, препознавањето на геометриски и графички рачно исцртани/напишани форми со помош на компјутер, како и примената на информатичката технологија во едукацијата.

Со научноистражувачка работа д-р Мимоза Клековска (Мајстороска) започнала за време на постдипломските студии на Електротехничкиот факултет во Скопје со учество во изработката на тогаш иновативни, апликативни софтвери. Меѓу нив се успешните пионерски обиди за адаптација на кирилицата и старословенската азбука за масовна компјутерска примена што и денес е во употреба.

Развојот на севкупните знаења што се обединуваат во компјутерската графика го поместува и интересот на кандидатката кон когнитивната наука, каде графичките форми стануваат ракопис на објектот или мапата на градот, што се рефлектира во објавените трудови и оние што се во подготовка.

Резултатите од научно-истражувачка работа на кандидатката во предизборниот период се публикувани во неколку трудови со оригинални научни резултати. Исто така, учествувала на повеќе научни собири со свои реферати.

***Објавени трудови меѓу двата избора во последните 5 години: 2019-2023***

**Објавена публикација:**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
519.762:004.932.75'1]:003.349.2
КЛЕКОВСКА, Мимоза
Развој на метод за препознавање писма со примена врз
црковнословенска кирилска азбука [Електронски извор] / Мимоза Клековска.

- Скопје : Клековска,М., 2023. - 124 стр.: илустр.; 30 см
Начин на пристапување (URL): https://fon.edu.mk/prof.aspx?pid=336&ln=mk.
- Текст во PDF формат, содржи 124 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 15.05.2023
ISBN 978-608-245-875-5
а) Препознавање на писма -- Методи -- Семиотика -- Препознавање на букви -- Компјутерска обработка -- Црковнословенска кирилска азбука
COBISS.MK-ID 60357893

**Објавени трудови:**

1. Klekovska Mimoza, Martinovska Bande Cveta (2023) *Visual analysis of topological features for character recognition*; In IJSRP Inc. (International Journal of Scientific and Research Publications) 13(06) pp.66-72, ISSN 2250-3153 https://www.ijsrp.org/research-paper-0623.php?rp=P13812896. DOI:http://dx.doi.org/10.29322/IJSRP.13.06.2023.p13810

2. Klekovska, Mimoza and Martinovska Bande, Cveta (2022) *Dialectic versus virtual/remote learning*. In: ICERI2022 Proceedings, 15th International Conference of Education, Research and Innovation. IATED Academy, Seville, Spain, pp. 7533-7539. ISBN 978-84-09-45476-1, ISSN: 2340-1095

3. Klekovska, Mimoza, Martinovska Bande, Cveta and Kotevski, Aleksandar (2022) *Transition of educational paradigms*. EDULEARN22 Proceedings. IATED Academy, Valencia, Spain, pp.4305-4314. ISBN 978-84-09-42484-9 / ISSN: 2340-1117

4. Martinovska Bande, Cveta, Stojkovic, Natasa, Kosturanova, Elena and Klekovska, Mimoza (2021) *Data Mining in Client Oriented Businesses.* International Journal of Scientific and Research Publications, 11 (12). pp. 378-383. ISSN 2250-3153

5. Klekovska, Mimoza and Martinovska Bande, Cveta (2019) *Computer support in graphic educational subjects*. In: Information Technology and Education Development - ITRO 2019, 27 of June, Zrenjanin, Serbia, pp.57-61, ISBN: 978-86-7672-322-5

6. Cekova, Katerina, Martinovska Bande, Cveta and Klekovska, Mimoza (2019) *Remote Monitoring of Toxic Gases in Mines*. In: International Conference on Information Society and Techology, 10-13 March 2019, Kopaonik, Serbia, pp.183-186, Copyright 2019 by Information

Society of Serbia - ISOS, Serbia | Creative Commons License: CC BY-NC-ND, ISBN 978-86-85525-24-7

Д-р Мимоза Клековска била член на Организацискиот одбор на Меѓународна научна конференција: Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија.

Учествувала во студијата за развој на Вардарскиот регион.

Тековно е член на факултетските комисии: комисија за признавање испити, како и комисии за спроведување испити.

Покрај тековните активности и насоченото поле на интерес, кандидатката вложила напори и за натамошно усовршување и поврзување на професијата со најновите информатички алатки за подобрување на енергетската ефикасност, одржливоста и примената на BIM технологиите. За тоа говорат прилозите од одржаните обуки и сертификати:

- Сертификат No EM0451097282905176059 за обука оранизирана од страна на Semos Computers Educational Center за Autodesk Revit 2022 Fundamentals for Architecture (2023),
- Сертификат за успешно помината обука: БИМ за инженери, архитекти и техничари со примена на ACCA Software (2019),
- Сертификат за успешно следење на обука за дипломирани инженери-архитекти со вештини за примена на мерки за енергетска ефикасност при проектирање (2019),
- Потврда за учество на стручен собир за континуиран професионален развој (CPD) во рамките на меѓународните едукативни семинари одржани од 18.1.2022 до 8.2.2022 за проектирање одржливи објекти „Sustainable Building Design", организиран од страна на Комората на овлестени архитекти и овластени инженери (18.1.2022 до 8.2.2022),
- Потврда за учество на стручен собир за континуиран професионален развој (CPD) со наслов „Морфолошки сличности на градовите на поранешна Југославија и јавен простор како дневна соба на градот", организиран од страна на Комората на овлестени архитекти и овластени инженери (23.11.2019)
- Certificate of attendance the seminar „Motivation, innovation and effectiveness in the ELT classroom" (31.5.2019)
- Сертификат за учество во проектот Фабрика на знаење 2018/2019

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од горенаведеното се воочува дека д-р Мимоза Клековска во изминатиот период, по изборот во вонреден професор, остварила значајни резултати во научно-истражувачката дејност во полето на нејзин интерес. Кандидатката активно публикувала научни трудови со оригинални резултати во врвни меѓународни научни списанија и други меѓународни и домашни публикации. Исто така, резултатите од истражувањата ги презентира на научни конференции.

Освен научноистражувачката дејност, кандидатката успешно одржува настава на Архитектонскиот факултет во состав на Американски универзитет на Европа – ФОН Скопје.

Д-р Мимоза Клековска има позитивни резултати во работата со студентите. Била ментор и во моментот е ментор на повеќе студенти на дипломски и магистерски студии.

Кандидатката активно е вклучена во стручно-апликативната дејност на факултетот и пошироко. Согласно Законот за високо образование и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Архитектонскиот факултет во состав на Американски Универзитет на Европа – ФОН Скопје кандидатката ги исполнува сите законски критериуми за избор во академскиот назив редовен професор.

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во состав на Американски Универзитет на Европа – ФОН Скопје, да го усвои нашиот предлог и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за кандидатката д-р Мимоза Клековска, досегашен вонреден професор да ја избере во редовен професор во наставно-научните области „Инженерска графика“ (20118) и „Вештачка интелигенција и системи“ (21205) на Архитектонскиот Факултет во состав на Американски Универзитет на Европа – ФОН Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Цвета Мартиновска Банде

проф. д-р Сузана Лошковска

проф. д-р Мумен Абуаркуб

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО – НАУЧНИ ЗВАЊА, ПО СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ, ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ: АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН - 20100 АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ, ВО СОСТАВ НА АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА (АУЕ) ФОН, СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот распишан од страна на Американски Универзитет на Европа (АУЕ) ФОН – Архитектонски факултет во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија" на 29.06.2023 година, за избор на наставник во сите наставно – научни звања, по стручно-уметнички предмети, **од научната област: Архитектонско проектирање и дизајн - 20100** и врз основа на Одлука бр. 18-811/4 донесена на 9-тиот Наставно-научен совет на 30.08.2023 година, формирана е следната:

**Рецензентска комисија во состав:**
доц. м-р. Филис Ајруш – претседател
доц. м-р. Каљтрина Елези-Кулиќи – член
проф. д-р. Мумен Абуаркуб – член

Доц. м-р. Филис Ајруш е доцент на Архитектонски факултет при АУЕ ФОН Универзитет, доц. м-р. Калтрина Елези-Кулиќи е доцент на Факултет за современи науки и технологии-насока Архитектура и дизајн при Универзитет на Југоисточна Европа, проф. д-р. Мумен Абуаркуб е професор на Архитектонскиот факултет при АУЕ ФОН Универзитет.
Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања, по стручно-уметнички предмети, **од научната област: Архитектонско проектирање и дизајн - 20100** во предвидениот рок се пријави
доц. м-р. Јасна Грујоска-Кунеска.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот доц. м-р. Јасна Грујоска-Кунеска е родена на 22.03.1988 год. во Струга. Средно образование завршува во ДСУ "Нико Нестор" во Струга. Во 2006 година се запишува на студии на Архитектонскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, по успешно поминатиот приемен испит и помеѓу првите 10 студенти примени во државна квота. Дипломира во 2012 година, со успешна одбрана на дипломска работа, на тема:
"Повеќесемејна станбена зграда – куќа на новата колективност", под менторство на проф. д-р. Зорица Блажеска, со што се стекнува со звање дипломиран инженер архитект. Во текот на додипломските студии, како резултат на покажаниот успех, кандидатот Јасна Грујоска-Кунеска континуирано е стипендист на Министерството за образование и наука на Р. Македонија.

Магистерските студии ги започнува во учебната 2014/2015 година на Градежниот факултет, при УКИМ, Скопје – конструктивна насока. Овие студии ги завршува со просечна оцена 9.33. Во Октомври, 2016 година, успешно го одбранува својот магистерски труд на тема: "Примена на отпадно стакло како агрегат во бетонот", под менторство на проф. д-р. Тодорка Самарџиоска и се стекнува со звање: магистер по технички науки од областа на градежништвото.

Во 2018 година кандидатот запишува докторски студии на Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија - ИЗИИС, Скопје под менторство на проф. д-р. Вероника Шендова.

Во Октомври 2016 година, кандидатот м-р. Јасна Грујоска-Кунеска е избран како стручен соработник на Архитектонскиот факултет при првиот приватен универзитет ФОН во Скопје, а во 2017-2018 година работи како асистент на истиот Универзитет.
Во 2018 година кандидатот е избран во звање Доцент во областа на Архитектонско проектирање и дизајн на Архитектонскиот факултет во ФОН Универзитет, Скопје.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на академската кариера, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Архитектонскиот факултет, при АУЕ ФОН Универзитет во Скопје, кандидатот м-р. Јасна Грујоска-Кунеска учествувала како стручен соработник (2016-2017 год.), асистент (2017-2018 год.) и доцент во областа архитектонско проектирање и дизајн (2018 год. – во тек).

Како стручен соработник и асистент била вклучена во следниве предмети – прв циклус: Архитектонски конструкции 1; Архитектонски конструкции 2; Архитектонски конструкции 3; Основи на урбанизам 1; Основи на урбанизам 2; Ентериер – внатрешно уредување 1; Ентериер – внатрешно уредување 2; Менаџмент во архитектурата; Градежна физика и материјали, и втор циклус: Одбрани теми од станбени објекти; Интегративно студио; Одбрани делови од урбанистичко проектирање; Менаџмент во архитектурата 2; Одбрани делови од урбанистичко планирање.

Како доцент била вклучена во следните предмети: Архитектонско проектирање на станбени објекти 1 и 2, Архитектонско студио 1, Внатрешна архитектура 1, Одбрани теми од станбени објекти, Интегративно студио 1, Селектирани теми од ентериер, Одбрани теми од напредно архитектонско проектирање, Одбрани теми од објекти со масовна посетеност.

Како дел од кадарот на Архитектонскиот факултет при АУЕ ФОН Универзитет, учесник и организатор е на низа архитектонски работилници и изложби:

- International winter school for architecture and design, (Giugiaro Architects, Politecnico di Milano, Bertone Design), Faculty of Architecture, FON University, Skopje, 16.01 – 19.01.2016;

- Јавни предавања "Враќање во семи-етика на архитектурата" и прва изложба на учениците од Архитектонскиот факултет при Универзитет ФОН, Скопје. 03.05.2017. Предавачи: Геза Огоновски, арх. - "Hotel Courtyard by Marriott Brussels EU District" Проф. Д-р Митко Хаџи Пуља, арх. - "Учење од архитектура-просторот како вредност", Проф. Д-р Георги Константиновски - "Ремек делата на светските познати архитекти Џон Џоанс и Еро Сариен";

- Организација на годишна студентска изложба на Факултетот за дизајн и мултимедија во соработка со Архитектонскиот факултет (изложба на најдобрите студентски проекти) Универзитет ФОН, Скопје, Младински културен центар, Скопје, 09.05. 2017 - 16 05. 2017;

- Организација на годишна студентска изложба на факултетот за Архитектура, при ФОН Универзитет (изложба на најдобрите студентски проекти), Музеј на Македонија Скопје, 11.06 - 14.06. 2019;

- Организација на годишна студентска изложба на факултетот за Архитектура, при АУЕ ФОН Универзитет, простории на Универзитетот во Скопје, 07.06 - 08.06. 2022;

Како доцент на Архитектонскиот факултет при АУЕ-ФОН Универзитет била ментор на повеќе дипломски и магистерски трудови, меѓу кои:

Дипломски трудови:

Кандидат: Павлинка Ставрова, тема: Проект за детска градинка во Скопје;

Кандидат: Ивана Ацкоска, тема: Проектирање и ентериерно уредување на станбен објект за колективно домување-терасест објект;

Кандидат: Муфит Бајрами, тема: Проект за административна зграда;

Кандидат: Филип Илиев, тема: Проект за повеќесемејна ниска станбена структура;

Кандидат: Лилјана Илиоска, тема: Прототип на модуларни микрообјекти-симбиоза на архитектурата и природата;

Кандидат: Марија Јовановска, тема: Синтеза на зелена архитектура и терасест концепт на колективно домување;

Кандидат: Наташа Цветковска, тема: Градинка на 21-от век;

Магистерски трудови:

Кандидат: Марија Јовановска, тема: Проектирање на хотелски комплекс во Охрид;

Кандидат: Сара Синани, тема: Проектирање на хотел согласно современите светски тенденции;

Кандидат: Крсте Гаговски, тема: Проектирање на современ трговски центар во Охрид, согласно актуелните светски трендови;

Кандидат: Магбуле Зендели, тема: Нов архитектонски концепт на студентско домување во Скопје;

Кандидат: Иван Алексиќ, тема: Зелена архитектура за подобра иднина: Проект за студентски комплекс“;

Дополнително, била учесник во повеќе комисии (како претседател или член) за оцена на дипломски и магистерски трудови.

## Оценка од самоевалуација

Кандидатот м-р. Јасна Грујоска-Кунеска, во континуитет, е позитивно оценета со високи оценки за наставно-образовната дејност на сите предмети во кои учествувал како асистент и доцент од анонимно спроведените анкети на студентите на Архитектонскиот факултет при АУЕ-ФОН Универзитет.

**Научно-истражувачка дејност и стручно-уметничка дејност**

М-р. Јасна Грујоска-Кунеска во рамки на својот магистерски труд учествувала во лабораториско истражување за бетон со додаток на стакло, спроведено во Градежен институт Македонија, ГИМ, Скопје (2016 год.)

Научно – истражувачки трудови:

- Samardzioska, T., Grujoska, V., Grujoska, J., Moslavac, D.,"Use of waste glass as aggregate in concrete", 1st International Conference on Construction Materials for Sustainable Future, Zadar, Croatia, 19.04 -21.04. 2017;
- Samardzioska, T., Grujoska, V., Grujoska, J., Moslavac, D.,Donevska, K., "Effects of waste glass on properties of hardened concrete", Scientific Journal of Civil Engineering, Volume 6, Issue 1, July 2017;
- "Improvement of Thermal Conductivity of Mortars with Slag", Grujoska, V., Samardzioska, T., Grujoska, J., International symposium MASE, 2019;
- "The role of architect in earthquake protection of cultural heritage", Grujoska, J., Shendova V., 1st Croatian Conference on Earthquake Engineering - CroCEE , 22-24 March 2021 Zagreb, Croatia;
- "Компаративна анализа на динамичките карактеристики на црквата Св. Никита" Грујоска-Кунеска Ј., Јекиќ Г., Шендова В., 19-ти Меѓународен симпозиум (MASE), 27-30 Април 2022, Охрид С. Македонија;
- "Оцена на состојбата на црквата Св. Никита , Бањани со примена на не-деструктивни методи", Грујоска-Кунеска Ј., Шендова В., Пејова Б., Патримониум МК, број 20/2022;

Сертификати:

- Дипломиран инженер архитект со вештини за примена на мерки за енергетска ефикасност при проектирање (2019 год.)
- Certificate for successfully attending the online course Seismic design for Architects (2021 год.)
- Потврда за учество на стручен собир за континуиран професионален развој - меѓународни едукативни семинари "Проектирање одржливи објекти" (2022 год.)
- Certificate for successful completion of Autodesk Revit 2022 Fundamentals for Architecture, Semos Computer Educational Center (2023 год.)

Членства:

2014-во тек: Член на Комората на овластени архитекти и инженери;

2022-во тек: Член на националниот комитет на Меѓународниот совет за споменици и локалитети ИКОМОС Македонија;

Учества:

- Дел од теренскиот тим вклучен во проектот “Мониторинг на православното културно наследство“, организиран од ИКОМОС и поддржан од Амбасадата на САД (2022-2023 год.)

Конференции и симпозиуми:

Присуствувала на меѓународни и национални конференции и симпозиуми за архитектура и градежништво, како претставник на архитектонска компанија - слушател, и тоа:

- International Symposium “PARTNERSHIP FOR GREEN CONSTUCTIONS”, Хотел ,,Гранит”Св. Стефан, бб, Охрид, Р. Македонија, 08.05 – 10.05.2015;
- International Conference for Architects, Tondach and Wienerberger, Hotel Aleksandar Palace, Skopje, 22.06.2017;
- 2nd SARCOS COST Action - Advanced materials and technologies based on inorganic binders, Skopje, 02.09.2018;
- Учество на летна школа (2nd Summer School on Technology Transfer), 3-6 Јуни, 2019, хотел Holiday Inn, Скопје;

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Во рамките на стручно-апликативната дејност, кандидатот м-р. Јасна Грујоска-Кунеска од 2012 година во континуитет, работи како проектант и надзорен инженер на деловни и станбени објекти во ДООЕЛ “ПЕКОМ“, Струга.

**2014 год.**

- Основен проект за индивидуална семејна куќа на КП бр. 1239/4 КО Враништа, Струга;

**2015 год.**

- Основен проект за надградба на индивидуална семејна куќа на КП бр. 571/3 КО Струга;
- Основен проект за доградба на деловен објект на КП бр. 4042 КО Мислешево, Струга;
- Основен проект за индивидуална семејна куќа на КП бр. 8721 КО Охрид 2;
- Основен проект за индивидуална семејна куќа на КП бр. 3979/1 КО Мислешево, Струга;

- Основен проект за индивидуална семејна куќа на КП бр. 596/1 КО Бицево, Струга;

**2016 год**.

- Основен проект за надградба на станбена зграда на КП бр. 2526 КО Струга;
- Основен проект за адаптација на семејна куќа на КП бр. 1059/3 КО Враништа, Струга;
- Основен проект за индивидуална семејна куќа на КП бр. 3076/3 КО Мислешево, Струга;
- Основен проект за деловен објект на КП бр. 1848/11 КО Струга;
- Основен проект за индивидуална семејна куќа на КП бр. 283/23 КО Мороишта, Струга;
- Основен проект за надградба на семејна куќа на КП бр. 15/2 КО Радожда, Струга;
- Основен проект за надградба на семејна куќа на КП бр. 596 КО Струга;
- Основен проект за индивидуална семејна куќа на КП бр. 373 КО Струга;

**2017 год.**

- Основен проект за станбена зграда на КП бр. 2383/4 КО Мислешево, Струга;
- Основен проект за станбена зграда на КП бр. 2383/6 КО Мислешево, Струга;
- Основен проект за станбена зграда на КП бр. 2383/8 КО Мислешево, Струга;
- Основен проект за индивидуална семејна куќа на КП бр. 283/22 КО Мороишта, Струга;
- Основен проект за надградба на семејна куќа на КП бр. 1830/7 КО Мислешево, Струга;
- Основен проект за деловно –трговски објект на КП бр. 1848/11 КО Струга;

**2018 год.**

- Основен проект за индивидуална семејна куќа на КП бр. 3902/2 КО Мислешево, Струга;
- Проект за ентериерно уредување на дневен боравок од станбен објект во Мислешево, Струга;
- Проект за семејна куќа на КП бр. 1741/2 КО Вевчани со Г. Белица;
- Основен проект за индивидуална семејна куќа на КП бр. 3413 КО Мислешево, Струга;
- Основен проект за индивидуална семејна куќа на КП бр. 4042 КО Мислешево, Струга;

**<u>2019 год.</u>**

- Основен проект за семејна куќа на КП бр. 1837/9 и 1837/44 КО Мислешево, Струга;
- Основен проект за надградба на деловен објект на КП бр. 1078/2 КО Мислешево, Струга;
- Проект за ентериерно уредување на станбен простор во Струга;
- Проект за семејна куќа на КП бр. 1123/11 КО Враништа, Струга;

**<u>2020 год.</u>**

- Основен проект за семејна куќа на КП бр. 2498/2 КО Струга;
- Основен проект за семејна куќа на КП бр. 1460/1 КО Радожда, Струга;

**<u>2021 год.</u>**

- Основен проект за семејна куќа на КП бр. 380/4 КО Глуво Бразда, Скопје;
- Основен проект за семејна куќа на КП бр. 785/2 КО Глуво Бразда, Скопје;
- Основен проект за семејна куќа на КП бр. 2957 КО Мислешево, Струга;
- Проект за помошен објект на КП бр. 1622 КО Струга;

**<u>2022 год.</u>**

- Проект за викендица во Елшани, Охрид;
- Проект за фасадно обликување на семејна куќа во Враништа, Струга;
- Основен проект за семејна куќа на КП бр. 436 КО Драслајца, Струга;
- Основен проект за семејна куќа на КП бр. 1097/2 КО Враништа, Струга;
- Основен проект за семејна куќа на КП бр. 8924/1 КО Охрид 2;

**<u>2023 год.</u>**

- Основен проект за семејна куќа на КП бр. 3454/6 КО Мислешево, Струга;
- Основен проект за семејна куќа на КП бр. 3147/3 КО Октиси, Струга;
- Основен проект за семејна куќа со апартманско сместување на КП бр. 1665 КО Струга;

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-уметничката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р. Јасна Грујоска-Кунеска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р. Јасна Грујоска-Кунеска поседува научни, стручни, педагошки и етички квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на АУЕ-ФОН Унверзитет, ги исполнува сите услови за избор на наставник од областа на Архитектонско проектирање и дизајн-20100 на Архитектонскиот факултет при АУЕ-ФОН Универзитет, Скопје.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, при АУЕ-ФОН Универзитет во Скопје, м-р. Јасна Грујоска-Кунеска да биде избрана во звањето: **доцент по стручно-уметничките предмети од областа на Архитектонско проектирање и дизајн (20100) на Архитектонскиот факултет при АУЕ-ФОН Универзитет, Скопје.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

доц. м-р. Филис Ајруш – претседател

_______________________________

доц. м-р. Каљтрина Елези-Кулиќи – член

_______________________________

проф. д-р. Мумен Абуаркуб – член

_______________________________

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО – НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН НА АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ, ВО СОСТАВ НА ПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ- ФОН СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот распишан од страна на „Американскиот универзитет во Европа – ФОН“ – Архитектонски факултет во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија“ на 29.06.2023 година, за избор на наставник во сите наставно – научни звања **од областа на Архитектонско проектирање и дизајн** и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 18-811/5, 30.08.2023 година, донесена на 30.08.2023 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

1. **Доц. М-р. Филис Ајруш - претседател**
2. **Доц. М-р. Каљтрина Елези Кулиќи - член**
3. **Проф. д-р. Мумен Абуаркуб - член**

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања од **областа на Архитектонско проектирање и дизајн** во предвидениот рок се пријави м-р. Арх. Едона Арифи Садику.

1. Кандидатката м-р арх. **Едона Арифи Садику**, е родена во Куманово, на 7-ми Јуни 1988 година. Средно гимназиско образование има завршено во С.О.У. “Гоце Делчев” во Куманово. Во 2007 година е запишана на додипломски студии на Државен Универзитет во Тетово, на Факултетот за Применети Науки - насока Архитектура и истото го има завршено 2012 година (просек 8,1), каде што има одбрането дипломска теза: “Општествен туристички објект - мотел”, и се стекна со академско звање Baccalareus по Проектирање. Во 2012 година е запишана на магистерски студии на ‘Универзитет Американ Колеџ Скопје’ во Скопје, на Архитектонскиот Факултет и истото го има завршено 2014 година (просек А- (92.4)) со одбрана на магистерскиот труд “Архитектонскиот Контекст на културата – Проект за културен центар во Куманово“, притоа стекнувајќи се со академско звање магистер инженер архитект. За време на додипломските студии изработила голем број на проекти и семинарски работи. Има

учествувано на многу семинари и кампови по различни општествени теми и архитектура.
Кандидатката досега била во пракса како Техничен архитектонски соработник во два бироа во Куманово (2009-2011 година). Кандидатката од 1ви Октомври 2014 година работела како помлад асистент, потоа како асистент и од 2018-та година како доцент магистар при Архитектонскиот факултет во Американскиот Универзитет на Европа - ФОН, каде што вршела и врши многу активности: раководител на професионални предмети од областа на архитектонско проектирање и ентериер, член на повеќе комисии и член на сенатот на факултетот. Од 2021-ва година работи и хонорарно во Универзитетот на Југоисточна Европа- Скопје и Тетово. Успешно учествува во приватни урбанистички и архитектонски пројекти во Р.С. Македонија и Р. Србија. Вреди е да се споменува дека кандидатката е во процес на докторска дисертација при Факултет за Дизајн на Технологии на Мебел и Ентериер во Скопје, при Универзитет Кирил и Методиј.

## II. НАСТАВНО - ЕДУКАТИВНА АКТИВНОСТ

М-р арх. Едона Арифи Садику од 5ти Ноември 2014-та год. е избрана како помлад асистент од областа на Архитектонско Проектирање и Дизајн во Американскиот Универзитет на Европа - ФОН – Скопје, каде и се вработува со полно работно време. Во првиот семестар била ангажирана по предметите: Елементи на Архитектонско Проектирање, Моделирање 1, додека паралелно во петти семестар се ангажирала со предметите Ентериер – Внатрешно Уредување 1, Арх. Студио – Внатрешно Уредување 1 и Арх. Студио – Општествени објекти 3. Во текот на работниот однос, поконцизно во 2018-та година кандидатката добива стручно уметничко звање доцент.

Во текот на работата, кандидатката ги држи и предметите од прв циклус: Основи на архитектонско проектирање, Моделирање 2, Ентериер – Внатрешно Уредување 2, Арх. Студио – Внатрешно Уредување 2, Изборен Проект. Со нова акредитација, кандидатката продолжува со следните предмети: Елементи на Архитектонско Проектирање, Основи на Архитектонско Проектирање, Внатрешна Архитектура 2, Одбрани Теми од Објекти за Транспорт и Трговија, Интегративно Студио, Архитектонска Композиција, Архитектонска Пракса, и други едносеместрални предмети, додека паралелно во Универзитетот на Југоисточна Европа- Скопје и Тетово држела предмети на Дизајн Студио 1, Дизајн Студио и Детали во Архитектура.

Во текот на работниот однос, кандидатката била и е член на различни комисии на Архитектура во Фон Универзитет, како:

- Комисија за самоевалуација,
- Комисија за признавање на испити,
- Комисија за верификација на оценки,

- Комисија за уписи
- Член на сенатот на Универзитетот.

Кандидатката е вклучена на секојдневните консултации со студенти, објаснувајќи ги професионалните проблематики и помагајќи на едукативното и професионалното развивање на студентите. Во последните години била ментор на повеќе дипломски и магистерски работи.

## III. ПРОФЕСИОНАЛНО - АПЛИКАТИВНА И НАУЧНА АКТИВНОСТ

М-р Арх. Едона Арифи Садику, како доцент магистер при Архитектонскиот факултет на Првиот приватен универзитет ФОН, освен во наставниот процес, истовремено е ангажирана во научно- истражувачката и професионално- апликативната област.

Била ангажирана во проектот 'Фабрика на Знаење' кој се организира секоја година од Универзитетот ФОН (денес АУЕ ФОН), каде учествуваат одредени професори и студенти. Во 2015 година групата за Пасивна Архитектура и Конфорна Куќа, која беше раководена од повеќе професори и асистенти меѓу нив именуваната кандидатка во соработка со професионални градежни фирми, била победник на реализираниот проект.

Учествувала на јавното предавање на архитектот Гезим Пачаризи од: Циклус предавања за архитектурата- Зборувај! Не молчи! организирани од страна на Државниот Универзитет во Тетово во текот на летниот семестар 2016 година, со повеќе гостински предавачи од земјата и странството.

Учевствувала и во повеќе јавни предавања во Скопје и Тетово и тоа: Марио Бота (Скопје 2011), Паул Норитака Танге (Скопје, 2012), Боб Гидингс (Скопје, 2013), Владимир Ладински (Скопје, 2013), Ѓорѓи Констандиноски (Скопје, 2016), Митко Хаџи Пуљја (Скопје, 2016), Геза Огоновски (Скопје , 2016), Никола Кипровски (Скопје, 2016), ARUP (Скопје, 2012), и тн.

Кандидатката има земено учество во професионални екскурзии, конференци и семинари за архитектура, меѓу кои:

**16.07. 2012 – 28.07.2012 – ES CAPES** – Архитектонска професионална летна школа низ Европа (Венеција, Барцелона, Мадрид, Билбао, Марсеј). Посетени градови и оддржани конференции:

- во **<u>Барцелона</u>** – **COAC Conference**, оддржани конференции од светски познати архитекти, придружани на дискусии и семинари Mr. Toshiaki Tange, Mr. Borja Ferrater, Ali Mangera, Mr. Josep Mias, Mr. Toni Casamor
- **ESTAB Conference**, оддржани конференции од светски познати

архитекти, придружани на дискусии и семинари со Karin Hofert, Joan Florit, Ariadna Perich, LA Col, La Baola, Nacho Lopez, Ignacio Martinez.

- **iGuzzini Conference**, оддржани конференции од светски познати архитекти, придружани на дискусии и семинари со Mr. Josep Mias, Mrs. Silvia Brandi. Посета во светски архитектонски канцеларии на MiAS, MYAA, ISOZAKI BCN.

- во **Мадрид** – **ETSAM Conference**, оддржани конференции од светски познати архитекти, придружани на дискусии и семинари Prof. Javier Ruiz, Lucia Jalon, UNTERCIO, SUMA ARQUIECTURA, Estudio SIC, PKMN, Zuloark

- **EXCHANGE! Workshop** оддржани работилници со PKMN, Zuloark, Basurama Taller de Casquaria.

- во **Билбао** – **BILBAO RIA 2000 Conference**, оддржани конференции од светски познати архитекти, придружани на дискусии и семинари со Jesus Canada, Juan Alvaro Alayo Azcarate, Inaki Aurrekoetxea.

**Јули 2013** – Архитектонска и Урбанистичка летна меѓународна школа во Кампусот на Американ Колеџ Скопје, под тематика "Urban Urgency Skopje"

**Септември 2013** – архитектонска работилница за јавни простории во Приштина, Косово, организиран од "Kosovo 2.0" со тематика "Snøhetta Rethinks Public Space".

**2012, 2013, 2014** – учесник на студентска архитектонска изложба БИСТА со архитектонски идејни проекти изработени за време на студии во втор циклус – мастер студии.

**2021-2022-2023** – дел од организацискиот тим на студентски семестрални архитектонски изложби во Универзитетот на Југоисточна Европа отсекот на Архитектура и Дизајн при Факултетот за современи науки и технологии, досега во 4 изложби при секое завршување на семестарот.

**Јуни 2022 и Јуни 2023** – дел од организацискиот тим на студентски годишни архитектонски изложби при АУЕ-ФОН – досега 2 изложби.

**Мај 2021** – учесник во Прва Универзитетска Конференција на докторски студии во ФДТМЕ – Св. Кирил и Методиј, Скопје.

**Мај 2023** – учесник во Втора Универзитетска Конференција на докторски студии во ФДТМЕ – Св. Кирил и Методиј, Скопје.

**Јуни 2023** – објава на научен труд во Белградско стручно списание за архитектура и градежништво „Izgradnja" под наслов „Theory of design in public facilities".

**Мај 2023** – учесник во 7ма интернационална научна конференција на аплицирани науки ($7^{th}$ International scientific conference on applied sciences) со труд: „The different representation of glass as a material in the interior of shopping spaces".

Важно е да се споменува дека кандидатката е во процес на докторска дисертација при Факултет за Дизајн на Технологии на Мебел и Ентериер во Скопје, при Универзитет Кирил и Методиј.

М-р арх. Едона Арифи Садику се ангажирала на повеќе приватни архитектонски идејни и главни проекти во Македонија, главно општина Куманово, општина Липково и Општина Прешево (Р. Србија), во соработка со разни архитектонски бироа. Едни од реализираните проекти и изведбени објекти се:

1). Објект и Локација: Станбено – Деловен Објект, село Матејче, Општина Липково
Инвеститор: Ревиде Алији
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски , “МПМ“
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Јуни 2010 год.

2). Објект и Локација: Станбено – Деловен Објект, село Слупчане, Општина Липково
Инвеститор: Фекрет и Мендим Мустафа
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски , “МПМ“
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Мај 2012 год.

3). Објект и Локација: Станбена Единица, село Слупчане, Општина Липково
Инвеститор: Арбен Исмаили
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски , “МПМ“
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Мај 2012 год.

4). Објект и Локација: Станбена Единица, ул. Карл Маркс, Куманово
Инвеститор: Идриз Идризи
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Сефер Сефери, Инг. Башким Османи
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Мај 2012 год.

5). Објект и Локација: Станбена Единица, село Ропалце, Општина Липково
Инвеститор: Насер Рамани
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски ,“МПМ“
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Февруари 2012 год.

6). Објект и Локација: Станбена Единица, село Виштица, Општина Липково
Инвеститор: Зијадин Зенељи
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски ,“МПМ“
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Септември 2012 год.

7). Објект и Локација: Станбена Единица, село Опае, Општина Липково
Инвеститор: Фатиме Сељими
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски ,“МПМ“
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Април 2013 год.

8). Објект и Локација: Идеен проект за анекс на Основното Училиште ‘Фаик Коница’ село
Слупчане, Општина Липково
Инвеститор: Општина Липково
Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Април 2014 год.

9). Објект и Локација: Станбена Единица, село Липково, Општина Липково
Инвеститор: Ајет Ајети
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски ,“МПМ“
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Мај 2013 год.

10). Објект и Локација: Станбена Единица, село Опае, Општина Липково
Инвеститор: Неџат Азири
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски ,“МПМ“
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Јуни 2013 год.

11). Објект и Локација: Станбена Единица, село Лојане, Општина Липково
Инвеститор: Муртезан Муртезани
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски ,“МПМ“
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Ноември 2014 год.

12). Идеен Проект
Објект и Локација: Станбена Единица, село Ваксинце, Општина Липково
Инвеститор: Башким и Нуране Мурати
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски , “МПМ“
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Јули 2014 год.

13). Објект и Локација: Партерно Уредување на дворот на зградата на Општина Липково
во село Липково
Инвеститор: Општина Липково
Фирма и Одговорен Архитект: М-р. Билјана Спиркоска, М-р Стефан Лазарески, “Тајфа Архитектс“,
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Февруари 2015 год.

14). Објект и Локација: Партерно Уредување на дворно место на зградата на детска градинка во село Оризаре, Општина Липково
во село Липково
Инвеститор: Општина Липково
Фирма и Одговорен Архитект: М-р. Билјана Спиркоска, М-р Стефан Лазарески

,“Тајфа
Архитектс“,
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Март 2015 год.

15). Објект и Локација: Партерно Уредување и ограда на дворно место на зградата на основното училиште во село Никуштак, Општина Липково
Инвеститор: Општина Липково
Фирма и Одговорен Архитект: М-р. Билјана Спиркоска, М-р Стефан Лазарески ,“Тајфа
Архитектс“,
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Декември 2015 год.

16). Објект и Локација: Станбена Единица, село Лојане, Општина Липково
Инвеститор: Илбер Нухији
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Бобан Јовановски, Инг. Марјан Димитриески, ‘Евгенија План’ Куманово
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Декември 2015 год.

17). Објект и Локација: Станбена Единица, село Лојане, Општина Липково
Инвеститор: Аднан Шаќири
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Бобан Јовановски, Инг. Марјан Димитриески, ‘Евгенија План’ Куманово
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Јануари 2016 год.

18). Објект и Локација: Станбена Единица, село Лојане, Општина Липково
Инвеститор: Арбен Нухији
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Бобан Јовановски, Инг. Марјан Димитриески, ‘Евгенија План’ Куманово
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Декември 2016 год.

19). Објект и Локација: Станбена Единица, Село Насалце, Општина Прешево, Р. Србија
Инвеститор: Сабит Сабити
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Ринор Садику, Арх. Едона Арифи Садику, ‘Про Арч 18’ Прешево, Р. Србија
Година: Февруари 2021 год.

20). Објект и Локација: Станбена Единица, Село Ораовица, Општина Прешево, Р. Србија
Инвеститор: Кренар Хамиди
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Ринор Садику, Арх. Едона Арифи Садику, ‘Про Арч 18’ Прешево, Р. Србија
Година: Ноември 2021 год.

21). Објект и Локација: Станбена Единица, град Прешево, Општина Прешево, Р. Србија

Инвеститор: Латиф Фазлиу
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Ринор Садику, Арх. Едона Арифи Садику, ‘Про Арч 18’ Прешево, Р. Србија
Година: Март 2021 год.

22). Објект и Локација: Станбена Единица, град Прешево, Општина Прешево, Р. Србија
Инвеститор: Екрем Рамадани
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Ринор Садику, Арх. Едона Арифи Садику, ‘Про Арч 18’ Прешево, Р. Србија
Година: Мај 2022 год.

23). Објект и Локација: Станбена Единица, село Ораовица, Општина Прешево, Р. Србија
Инвеститор: Сабри Целили
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Ринор Садику, Арх. Едона Арифи Садику, ‘Про Арч 18’ Прешево, Р. Србија
Година: Април 2023 год.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот м-р арх. Едона Арифи Садику, во континуитет е позитивно оценета со високи оценки за наставно-образовната дејност на сите предмети во кои учествувал како помлад асистент – соработник, асистент и доцент од анонимно спроведените анкети на студентите на Архитектонскиот факултет при ФОН Универзитет.

## IV. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целосниот преглед на изнесените податоци за научната и стручната дејност, Рецензионата комисија констатира дека кандидатката **Едона Арифи Садику** во целост ги исполнува условите предвидени со Законот за високото образование и одредбите од Статутот на „Американскиот универзитет во Европа – ФОН“, за избор на соработник во наставно научната област архитектонско проектирање и дизајн.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, при „Американскиот Универзитет во Европа – ФОН“, м-р Едона Арифи Садику да биде избран во звањето **доцент по стручно-уметничките предмети од областа на Архитектонско проектирање и дизајн на Архитектонскиот факултет при ФОН Универзитет, Скопје.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Доц. М-р. Филис Ајруш – претседател**

_______________________________

**Доц. М-р. Каљтрина Елези Кулиќи – член**

_______________________________

**Проф. д-р. Мумен Абуаркуб – член**

_______________________________

Септември, 2023 год., Скопје

# РЕЦЕНЗИЈА

### НА КНИГА „АДВЕРТАЈЗИНГ И ПРОМОЦИЈА, интегрирани маркетинг менаџмент комуникации, ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ“ ОД АВТОРИТЕ Професор Емеритус Мирко Трипуноски, Доц. Д-р Марина Кантарџиева, М-р Маја Трупуноска

Со Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки, во состав на Американскиот Универзитет на Европа ФОН во Скопје, донесена на 20.02.2023 година, со архивски број 20-433/4, определена е комисија за оцена/рецемзија на понудената книга со наслов **„АДВЕРТАЈЗИНГ И ПРОМОЦИЈА, интегрирани маркетинг менаџмент комуникации, ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ“** од авторите: Професор Емеритус Мирко Трипуноски, Доц. Д-р Марина Кантарџиева, Докторант М-р Маја Трупуноска.

Комисијата во состав:

1. **проф. д-р Зоран Калиниќ**
2. **проф. д-р Антоанета Вассилева,**

сериозно ја проучија доставената книга, понудена и реализирана од авторите, па до Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при АУЕ-ФОН Универзитетот во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**I. ОПШТ ДЕЛ**

**<u>Основни податоци за книгата</u>**

| | |
|---|---|
| **Назив на книгата:** | „АДВЕРТАЈЗИНГ И ПРОМОЦИЈА, интегрирани маркетинг менаџмент комуникации, ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ“ |
| **Назив на предметната програма:** | Економски науки |
| **Назив на студиска програма:** | Деловна Економија<br>-Маркетинг<br>-Бизнис менаџмент<br>-Финансии |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | 1. Адвертајзинг, часови ___, кредити _____<br>2. промоција, часови ___, кредити _____<br>3. интегрирани маркетинг менаџмент комуникации, часови ___, кредити _____<br>4. односи со јавност, часови ___, кредити _____ |
| Предметот АДВЕРТАЈЗИНГ И ПРОМОЦИЈА, интегрирани маркетинг менаџмент комуникации, ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ“ на Факултетот за економски науки е задолжителен предмет и се слуша во IV и V година | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Книгата што е предадена и рецензирана за учебно помагало содржи 608 страници (Б5-формат), напишани на електронски носач, со големина на фонтот 12. Книгата е стуктурирана во тринаесет тематски подрачја, дополнително со листа на прилози и список на користена литература. |

**Рецензенти:**
**проф. д-р Зоран Калиниќ**

**проф. д-р Антоанета Вассилева**

**II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТИТЕ:**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Во дефинирањето на овој труд под наслов "**АДВЕРТАЈЗИНГ И ПРОМОЦИЈА; Интегрирани маркетинг менаџмент комуникации; ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**" тргнуваме од фактот со што треба да се бави оваа анализа. Се определивме за пет карактеристики во процесирањето на пишаниот материјал и тоа во правец на:<br>• Набљудување на процесите-што се случува?<br>• Разбирање на процесите- зошто тоа се случува?<br>• Предвидување- што ќе се случи во иднина?<br>• Реакција- што треба да се направи?<br>• Реорганизација- како тоа да се промени?<br>Клучните димензии на овој труд се избор на технологија, избор на случувања и избор на проекти. За да одговориме на прашањето кога ќе се достигне целта, зошто да се биде најдобар, каде одиме и како да се стигне до целта, акцентот е ставен на идејата, корисноста, понудата на вредности, изборот на партнери и изборот на каналот. Процесите низ кои се анализира маркетинг менаџмент стратегијата води кон развојот, соработката, перманентната обука на сите, дизајнот и промоцијата. Развојот на адвертајзингот, дизајнот и промотивните активности води кон информатичката култура, со која само мал број на вработени имаат пристап до податоци, информатичка предност во која секој гради свој сопствен дизајнерски и промотивен пристап, што како резултат создава неред во базата на податоци и испораката на вредности кон потрошувачите и маркетиншко-менаџерската демократија, во која дизајнот, промоцијата и информацијата течат слободно и уредно.<br>Вредноста на информацијата за адвертајзингот, дизајнот и промоцијата е еднакво рамна на бројот на корисници, на квадрат пати деловните подрачја, каде прибраните вклопени податоци носат вредности и не претставуваат оптоварување. Преодот од индустриска економија во економија на знаења ја карактеризираат неколку важни чекори:<br>• **Прво,** информациите за адвертајзингот, дизајнот и промоцијата како знаење стануваат се покорисни ресурси.<br>• **Второ,** таму каде адвертајзингот, дизајнот и промоцијата се производ на информатичко-комуникациските технологии, стануваат основна инфраструктура на маркетинг менаџментот и правец на дизајнирање производ и услуги.<br>Следењето со адекватни промотивни активности претставува нематеријален ресурс, слика на вистината која е искажана од замислите на човекот додека го набљудува светот кој го опкружува, просторот, објектите, односите и случувањата во таа негова вистина, која пак се состои од интуиција, скапа идеа, искуство, вештини и учење, но има потенцијал за создавање на нови вредности. |

| | |
|---|---|
| | Претворањето на податоците во знаење се нарекува **деловна интелигенција** и претставува збир на методи, алатки и апликации кои овозможуваат прибирање, анализа, дистрибуција и делување на деловните информации врз дизајнот на производот и услугата во промовирање на истите, со една единствена цел-донесување на поквалитетни деловни одлуки. Компонентите на деловната интелигенција ги наоѓаме во информациите, анализата, персонализацијата, повеќеканалната испорака и брзи трансакции на дизајнот и неговата промоција.<br>Основната задача на овој труд е придвижување на маркетинг менаџментот, дизајнот и промоцијата кон деловните системи за интелигентно и брзо донесување на исправни деловни одлуки, во новите и неочекувани услуги на примена за ефикасна конкурентска работа. Патот до успехот во дизајнирањето на маркетинг менаџментот и неговата промоција е утврдување на целите на деловните процеси, утврдување каде, во која рамка на деловните системи лежи знаењето, кои информации треба да се соберат, прочистување и подготовка на податоците, урамнотежување на податоците со надворешните и внатрешните извори, бидејќи податоците ги придвижуваат работите, каде работите се забрзуваат со информациите, меѓутоа, врвни ефекти, конкурентност и престиж, се остваруваат со знаење и интелигенција.<br>Затоа, златни правила на маркетинг менаџментот, адвертајзингот, дизајнирањето и промоција на неговата економија се:<br>• Прифаќање на нова ранг листа на вредности (интелектуална, финансиска и физичка сопственост)<br>• Постојано иновирање и менување<br>• Делегирање информации со сите во системот<br>• Вреднување на организацијата според интелектуалниот капитал, а не според големината и влијателност<br>• Постојано учење<br>• Делегирање авторитет и моќ во сите правци<br>• Создавање стандарди и наметнување на другите<br>Основните психолошки димензии на адвертајзингот и неговите аспекти, како препознатливи вредности на огласувањето во промотивните активности, примарно треба да се усогласат со сеќавањето, допадливоста на рекламирањето, допадливоста на брендот и намерата на купувачот, како и со вистинската вредност за потрошувачите, нивно перманентно придвижување по должината на комуникацискиот пат, се до конечната цел-купувањето на дадениот производ или услуга. |
| **-ТЕМА БРОЈ 1: ВОВЕД ВО ИНТЕГРИРАНИ** | Цели на темата:<br><br>-Анализирање на функциите на маркетинг комуникациите и растечкото значење на рекламата и слични средства за промоција во програмите за маркетинг на домашните и странските компании. |

| | |
|---|---|
| **МАРКЕТИНГ КОМУНИКАЦИИ** | -Воведување на концептот на интегрирани маркетинг комуникации (ИМК) и да го разгледа неговиот еволутивен развој.<br><br>-Истражување на причините за зголемената важност на перспективите на ИМК во планирањето и извршувањето на рекламни и промоционални програми.<br><br>-Претставување на различните елементи на промоционалниот микс и да ја согледа нивната улога во една ИМК програма.<br><br>-Истражување како различните маркетинг и промоционални елементи треба да бидат координирани за да остварат ефективна комуникација.<br><br>-Претставување на моделот на процесот на планирање на ИМК и да ги проучи чекорите во развивање на програма за маркетинг комуникации. |
| **ТЕМА БРОЈ 2: УЛОГАТА НА ИНТЕГРИРАНИ МАРКЕТИНГ КОМУНИКАЦИИ ВО МАРКЕТИНШКИОТ ПРОЦЕС** | Цели на темата:<br><br>-Сфаќање на процесот на маркетинг и улогата на рекламирањето и промоцијата во организационата интеграција на програмот за маркетинг.<br><br>-Познавање на различните области на одлуки под секој елемент на мешавина на маркетинг, како тие влијаат и се однесуваат со рекламирањето и стратегијата за промоција.<br><br>-Разбирање на концептот на целниот маркетинг во интегрираниот програм на маркетиншки комуникации.<br><br>-Препознавање на улогата на пазарната сегментација и негова употреба на интегрираниот програм на маркетиншки комуникации.<br><br>-Разбирање на употребата на позиционирани и непозиционирани стратегии. |
| **ТЕМА БРОЈ 3: ОРГАНИЗАЦИЈА НА** | Цели на темата:<br><br>-Да се разбере како компаниите се организирани во доменот на рекламирањето и другите аспекти на интегрираните маркетинг- комуникации; |

| | |
|---|---|
| **ПРОМОЦИЈА И РЕКЛАМИРАЊЕ**<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>**ТЕМА БРОЈ 4: ПЕРСПЕКТИВА НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА ПОТРОШУВАЧИТЕ** | -Да се прегледаат методите на селектирање, компензација и евалуација на рекламните агенции;<br><br>-Да се објасни улогата и функцијата на специјализираните маркетинг- комуникациски организации;<br><br>-Да се проучат неколкуте погледи во користењето на интегрираните сервиси и обврските на промотерите, наспроти агенциите<br><br>Цели на темата:<br><br>-Да се оцени улогата на однесувањето на потрошувачите врз развојот и имплементацијата на рекламирањето и промотивните програми,<br><br>-Да се разбере процесот на донесување одлуки кај потрошувачите и како варира во зависност од видот на набавка/кај различни набавки<br><br>-Да се разберат различните внатрешни психолошки процеси, нивното влијание врз одлуката на потрошувачот и импликации во осмислување на рекламите и промоциите.<br><br>-Да се препознаат различните пристапи во проучувањето на процесот на учење кај потрошувачот и импликациите врз рекламите и промоциите<br><br>-Да се препознаат надворешните фактори како култура, општествена класа, влијание од групата, ситуациските детерминанти и како тие влијаат на однесувањето на потрошувачот.<br><br>-Да се разберат алтернативните приоди кон проучување на однесувањето на потрошувачите.<br><br>Цели на темата<br><br>-Да се разберат основните елементи во процесот на комуникација и улогата на комуникациите во маркетингот |

| | |
|---|---|
| **ТЕМА БРОЈ 5: ПРОЦЕСИ НА КОМУНИКАЦИЈА** | -Да се испитаат различните модели на процесот на комуникација<br><br>-Да се анализираат процесите на реакција на примателите на определена маркетиншка порака, вклучително и алтернативна хиерархија на одговори/реакции и нивни импликации врз осмислувањето на план и стратегија за промоција на даден производ<br><br>-Да се испита природата на когнитивното процесирање на маркетиншките пораки од страна на потрошувачите |
| **ТЕМА БРОЈ 6: ИЗВОРИ, ПОРАКИ, КАНАЛИ, ФАКТОРИ НА КОМУНИКАЦИЈА** | Цели на темата<br><br>-Да се проучат основните варијабли во системот на комуникација и како тие влијаат на обработката на маркетиншките пораки од страна на потрошувачите;<br><br>-Да се проучат аспектите што се земаат предвид во изборот на извор или комуникатор на промотивната/маркетиншката порака;<br><br>-Да се испитаат различни видови на структура на една порака како и маркетиншки мамки што можат да се применат при осмислувањето/ создавањето на една рекламна порака;<br><br>-Да се анализира како каналот или медиумот што се користи за пренесување на рекламната порака влијае на успешноста на процесот на комуникација. |
| **ТЕМА БРОЈ 7: ПОСТАВУВАЊЕ НА ЦЕЛИ НА БУЏЕТ И ПРОМОВИРАЊЕ НА ПРОПАГАНДА** | Цели на темата:<br><br>-Да се препознае важноста и вредноста на одредувањето конкретни цели за реклама и промоција<br><br>-Да се разбере улогата што ја имаат целите во процесот на планирање на маркетингот и поврзаноста на промотивните цели со маркетиншките цели<br><br>-Да се разграничи/ да се направи дистинкција меѓу целите на продажбата и целите на комуникациите и прашањата врзани за нив одделно<br><br>-Да се препознаат проблеми со кои се соочува маркетиншката служба при дефинирањето цели за потребите на своите маркетиншки програми |

| | |
|---|---|
| **ТЕМА БРОЈ 8: КРЕАТИВНИ СТРАТЕГИИ: ПЛАНИРАЊЕ И РАЗВОЈ**<br><br>**ТЕМА БРОЈ 9: КРЕАТИВНИ СТРАТЕГИИ: ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И ПРОЦЕНКА**<br><br>**ТЕМА БРОЈ 10: МЕДИУМСКО ПЛАНИРАЊЕ И СТРАТЕГИЈА**<br><br>**ТЕМА 11: ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА, ПУБЛИЦИТЕТ И КОРПОРАТИВНО РЕКЛАМИРАЊЕ** | -Да се проучи процесот на буџетирање на маркетиншките активности<br><br>-Да се навлезе во теоретската основа на која се потпира буџетирањето<br><br>-Да се совладаат различни методи на дефинирање буџет.<br><br>**Цели на темата:**<br><br>-Анализа на различни типови на постапки кои се применуваат во развојот и имплементацијата на една рекламна порака.<br><br>-Анализа на различни креативни извршни стилови кои ги користат огласувачите и најпогодните рекламни ситуации во кои можат тие да се применат.<br><br>-Анализа на различни тактички прашања во врска со креацијата на печатени и телевизиски реклами.<br><br>-Да се разгледа како клиентите ја оценуваат креативната работа на нивните агенции, дискусија за упатствата за процена и процес на одобрување.<br><br>Цели на темата:<br><br>-Да се препознаат улогите на односите со јавноста, публицитетот и корпоративното рекламирање во промотивниот микс.<br><br>-Да се знае разликата помеѓу односите со јавноста и публицитетот и да се демонстрираат предностите и недостатоците на секоја од нив.<br><br>-Да се разберат причините за корпоративното рекламирање и неговите предности и недостатоци.<br><br>-Да се знаат методите за мерење на ефектите од односите со јавноста, публицитетот и корпоративното рекламирање.<br><br>Цели на темата:<br><br>-Да се разберат причините за мерење на ефективноста на промотивната програма. |

| | |
|---|---|
| **ТЕМА 12: МЕРЕЊЕ НА ЕФЕКТИВНОСТА НА ПРОМОТИВНИТЕ ПРОГРАМИ**<br><br>**ТЕМА 13: РЕГУЛАТИВА ЗА РЕКЛАМИРАЊЕТО И ПРОМОЦИЈАТА** | -Да се знаат различните мерки што се користат при оценување на ефективноста на промотивната програма.<br><br>-Да се оценат алтернативните методи за мерење на ефективноста на промотивната програма.<br><br>-Да се разберат барањата за соодветно истражување на ефективноста.<br><br>Цели на темата:<br><br>-Да се испита како се регулира рекламирањето, вклучувајќи ја улогата и функцијата на различни регулаторни агенции.<br><br>-Да се испита саморегулацијата на рекламирањето и да се оцени неговата ефикасност.<br><br>-Да се разгледа како рекламирањето е регулирано од федералните и државните владини агенции, вклучително и Федералната комисија за трговија.<br><br>-Да се испитаат правилата и прописите што влијаат на промоција на продажба, директен маркетинг и маркетинг на Интернет. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Од анализата на книгата може да се заклучи дека истата го покрива како теоретскиот, така и практичниот дел од програмата по споменатите предмети од студиските програми на Факултетот за економски науки. Притоа, обработените содржини целосно ја поклриваат програмата, бидејќи истите се на напредно ниво, предложената книга наполно соодветствува за квалитетно реализирање на предавањата и вежбите по наведениот предмет. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Рецензентите преку детална анализа, континуирани дискусии и размена на мислења за книгата која е предмет на рецензија за учебник, го делат ставот дека не се потребни никакви корекции на оваа публикација. |
| **Оцена на ракописот:** | Книгата со наслов „АДВЕРТАЈЗИНГ И ПРОМОЦИЈА, интегрирани маркетинг менаџмент комуникации, ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ“ обработува современа и актуелна тема од аспект на економските, |

| | |
|---|---|
| | организациските и воопшто општествените науки. За пишување на делото е консултирана, синтетизирана и елаборирана селектирана литература од релевантни автори за областите од интерес. Сублимираните сознанија од анализираната проблематика во текстот, несомнено се корисни како за теоретичарите, така и за практичарите, со што авторите истовремено придонесуваат за развој и збогатување на научната и стручната литература во земјата, како и за унапредување на практиката.<br>Книгата им овозможува на студентите да се стекнат со соодветни знаења, умеења и способности, а со тоа ќе бидат подготвени за професионално менаџирање на домашниот и странскиот пазар, креирање соодветни ефективни и ефикасни стратегии и профилирање на професионален профил за потребите на стпанството и јавиот сектор. |
| **Категоризација:** | Учебник кој потполно соодветствува за реализација на наставата по предметот за кој е наменета. |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Понудениот текст на книгата „АДВЕРТАЈЗИНГ И ПРОМОЦИЈА, интегрирани маркетинг менаџмент комуникации, ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ“ од авторите Професор Емеритус Мирко Трипуноски, Доц. Д-р Марина Кантарџиева, Докторант М-р Маја Трупуноска, содржи актуелни сознанија на еден од најекспонираните светски, економски, политички и пазарни проблеми на современото модерно маркетинг менаџмент опкружување, како тековен и брзорастечки процес во секоја пора од општествено-економското управување со ресурсите и нивно уредување.<br>Книгата „АДВЕРТАЈЗИНГ И ПРОМОЦИЈА, интегрирани маркетинг менаџмент комуникации, ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ“ претставува квалитетен труд, во кој авторите на високо теоретско и научно ниво, во логичката целина, ја обработуваат и систематизираат проблематиката за која промоциите се поазни и често посакувани процеси.<br>Поради ова, рецензентите на Наставно-научниот совет на факултетот за Економски науки му предлагаат позитивна оценка за книгата „АДВЕРТАЈЗИНГ И ПРОМОЦИЈА, интегрирани маркетинг менаџмент комуникации, ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ“ , од авторите Професор Емеритус Мирко Трипуноски, Доц. Д-р Марина Кантарџиева, Докторант М-р Маја Трупуноска, да ја прифати и одобри како учебник по предметите Адвертајзинг, Промоција, нтегрирани маркетинг менаџмент комуникации и Односи со Јавност, каде што студентите на факултетот за економски науки ги изучуваат како задолжителни предмети во IV и V година. |

Во Скопје, 16 Мај 2023 год. **Рецензенти:**

**проф. д-р Зоран Калиниќ**

**проф. д-р Антоанета Вассилева**

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА КНИГА „МЕЃУНАРОДЕН МЕНАЏМЕНТ“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р СИЛВАНА ЈОВЧЕСКА И ПРОФ. ВАСИЛ ПОПОВСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки во Скопје, донесена на 20.04.2023 година за членови на Рецензентската комисија избрани се:

проф. емеритус Мирко Трипуноски и

проф. д-р Ирена Ашталкоска

за рецензирање на книгата „Меѓународен менаџмент“ од авторите:

проф. д-р Силвана Јовческа и

проф. Васил Поповски.

По добивањето на книгата, нејзиното детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при АУЕ-ФОН Универзитетот во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

### ИЗВЕШТАЈ

**I. ОПШТ ДЕЛ**

**Основни податоци за книгата**

| | |
|---|---|
| **Назив на книгата:** | Меѓународен менаџмент |
| **Назив на предметната програма:** | Економски науки |
| **Назив на студиска програма:** | Бизнис менаџмент, Финансии, Маркетинг |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | Предмет - Меѓународен менаџмент<br>Фонд на часови 2+3<br>8 ЕКТС |
| Предметот Меѓународен менаџмент на Факултетот за економски науки е задолжителен предмет со фонд на часови 2+3, број на ЕКТС-кредити 8 и се слуша во VIII семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за книгата:** | Книгата што е предадена за рецензија за учебник содржи 262 страници (А4-формат), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Книгата е стуктурирана во десет глави, дополнително со листа на кратенки и список на користена литература. |

РЕЦЕНЗЕНТИ

**1. Проф. емеритус Мирко Трипуноски**

**2. Проф. д-р Ирена Ашталкоска**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТИТЕ:

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Содржински, материјалот е изложен во десет глави.<br><br>*Првото поглавје* е вовед во меѓународниот бизнис и менаџмент. Овде се опфаќа поимот и концептот на меѓународниот бизнис и менаџмент, се објаснува променливото окружување на меѓународниот бизнис и менаџмент, се следат и објаснуват глобализациските процеси, концентрацијата и централизација на капиталот и монополите и се прави осврт на професионализацијата на меѓународниот менаџмент и процесот на интернационализација на организациите<br><br>*Второто поглавје* е фокусирано на носителите на активностите на меѓународниот менаџмент – мултинационалните корпорации се дефинира поимот и концептот на работење на мултинационалните корпорации како и нивното место и значењето во меѓународниот бизнис и менаџмент. Исто така се прави осврт на новата улога и принципи на дејствување на мултинационалните корпорации во меѓународниот амбиент на менаџментот.<br><br>*Во третото поглавје* се објаснети стратегиите за влез на меѓународниот пазар, се даваат насоки за правилна нивна селекција и избор за влез на меѓународниот пазар, како и се објаснети влезните стратегии и стратешки сојузништва на мултинационалните корпорации.<br><br>*Четвртото поглавје* е посветено на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси, неговите општи карактеристики, претставени се начините на креирање на кадровски политики во мултинационалните корпорации и е даден приказ на успешните компаративни меѓународни пристапи како и потенцијали и проблеми на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси.<br><br>*Петото поглавје* е фокусирано на клучните функции на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси, планирањето во контекст на меѓународниот менеџмент на човечки ресурси, регрутација и селекција, оценување на изведба, систем на наградување, функцијата кадровско пополнување и функцијата лидерство.<br><br>*Шестото поглавје* е посветено на профилот на меѓународните менаџери, претставени се начините на идентификација на менаџерски потенцијали, матрицата за препознавање на раководни таленти во организацијата, како и начините за професионална селекција на менаџерскиот персонал. Во оваа поглавје исто така е профилирана психолошка структура на поединецот кој е спремен да преземе менаџерска позиција надвор од матичната земја, а исто така е претставен и професионалниот профил на идните |

| | |
|---|---|
| | раководители: личен, професионален, организациски. Освен тоа, во оваа поглавје опфатени се и специфицирани стандардните ангажирања на раководителите, дадени се начините за оценка на изведбата и успешноста во работата на меѓународните менаџери, како и претставени се можностите за напредување на меѓународните менаџери. На крај од поглавјето сумирано е претставен професионалниот профил на меѓународниот менаџер.<br><br>*Седмото поглавје* го опфаќа стратешкиот пристап кон перманентното образование и професионалниот развој на меѓународните менаџери, грижата за управување со кариерата на менаџерскиот персонал, нивниот професионален развој како и поимот и значењето на професионалниот развој и кариера за меѓународните менаџери. Во оваа поглавје се претставени начните на формулирање и планирање на перманентното образование и развој на менаџерскиот персонал, како и програмите и модели за развој на меѓународни менаџери. На крај се претставени традиционалните и современи пристапи кон професионалниот развој и кариера на меѓународните менаџери.<br><br>*Осмото поглавје* ја нагласува потребата од обука и развој на меѓународни менаџери, ја докажува поврзаноста на обуката и развојот на менаџерите со меѓународната кариера, ја определува потребата за обука на меѓународни менаџери и ги претставува меѓународните институционални концепти на доживотно учење. Посебен осврт е даден врз иницијативата за вреднување на програми за обука и професионален развој на човечките ресурси и потребата од креирање на организации што учат.<br><br>*Деветото поглавје* го опфаќа поимот за репатријација, формалните политики и репатријација, формалните програми за репатријација, кариерното советување на меѓународните менаџери, крос-културна деловна практика за репатријатите, факторите за успешна репатријацијата, трансферот на знаење при репатријација, менторството како алатка за успешна репатријација, како и причините и проблемите за неефикасна репатријација на експатријатите.<br><br>*Десетото поглавје* ја нагласува стратешката улога на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси, дава приказ на екстерните и интерните фактори кои влијаат врз карактерот на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси и го претставува емпириски докажаниот модел за успешна стратегија на МНК за настап на меѓународниот пазар. |

| | |
|---|---|
| | |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Од претходно изнесеното, но и од анализата на книгата може да се заклучи дека истата го покрива како теоретскиот, така и практичниот дел од програмата по предметот Меѓународен менаџмент на Факултетот за економски науки. Притоа, обработените содржини целосно ја поклриваат програмата по предметот Меѓународен менаџмент и бидејќи истите се на напредно ниво, предложената книга наполно соодветствува за квалитетно реализирање на предавањата и вежбите по наведениот предмет. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Рецезентите преку детална анализа, континуирани дискусии и размена на мислења за книгата која е предмет на рецензија за учебник, го делат ставот дека не се потребни никакви корекции на оваа публикација. |
| **Оцена на книгата:** | Книгата со наслов „МЕЃУНАРОДЕН МЕНАЏМЕНТ“ обработува современа и актуелна тема од аспект на економските, организациските и воопшто општествените науки. За пишување на делото е консултирана, синтетизирана и елаборирана селектирана литература од релевантни автори за областите од интерес. Сублимираните сознанија од анализираната проблематика во текстот, несомнено се корисни како за теоретичарите, така и за практичарите, со што авторите истовремено придонесуваат за развој и збогатување на научната и стручната литература во земјата, како и за унапредување на практиката.<br>Книгата им овозможува на студентите да се стекнат со соодветни знаења, умеења и способности од обласата на меѓунарониот менаџмент, а со тоа ќе бидат подготвени за професионално менаџирање на меѓународниот пазар, креирање соодветни ефективни и ефикасни стратегии и профилирање на професионален профил на меѓународни менаџери. |
| **Категоризација:** | Учебник по предметот Меѓународен менаџмент кој наполно соодветствува за реализација на наставата по предметот за кој е наменета. |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Од деталниот преглед на книгата, може да се заклучи дека авторите имаат големо теоретско познавање од изложената област. Направен е вистински избор на структурата и содржината на материјалот кој е предмет на разработка во книгата. Материјалот технички е подготвен на завидно ниво, јазикот е јасен за целната група, а графиконите и табелите ја зао- |

| | |
|---|---|
| | кружуваат целината. Книгата со приложената содржина е потребна и сосема е оправдано нејзиното рецензирање за универзитетски учебник. |

Врз основа на изнесеното, чест и задоволство ни е, оваа книга да ја предложиме како универзитетски учебник за предметот Меѓународен менаџмент за студентите од прв и втор циклус студии.

Во Скопје, Мај 2023 год.

Рецензенти

**Проф. емеритус Мирко Трипуноски**

**Проф. д-р Ирена Ашталкоска**

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА КНИГА „УПРАВУВАЊЕ СО РЕЗУЛТАТИ“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ИРЕНА АШТАЛКОСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки во Скопје, донесена на 26.06.2023 година за членови на Рецензентската комисија избрани се:

Проф. д-р Роберт Димитровски и

Емеритус проф. д-р Мирко Трипуноски

за рецензирање на книгата „Управување со резултати“ од авторот проф. д-р Ирена Ашталкоска

По добивањето на книгата, нејзиното детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при АУЕ-ФОН Универзитетот во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

### ИЗВЕШТАЈ

**I. Општ дел**

**Основни податоци за книгата**

| | |
|---|---|
| **Назив на книгата:** | Управување со резултати |
| **Назив на предметната програма:** | Економски науки |
| **Назив на студиска програма:** | Бизнис менаџмент, Финансии, Маркетинг |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | Предмет – Управување со резултати<br>Фонд на часови 2+2<br>6 ЕКТС |
| Предметот Управување со резултати на Факултетот за економски науки е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во VII семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Книгата што е предадена за рецензија за учебник содржи 246 страници (А4-формат), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Книгата е стуктурирана во осум глави, дополнително со листа на кратенки и список на користена литература. |

РЕЦЕНЗЕНТИ

**1. Проф. д-р Роберт Димитровски**

**2. Емеритус проф. д-р Мирко Трипуноски**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТИТЕ:

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Содржински, материјалот е изложен во осум глави.<br><br>Во ***првото поглавје*** се разобличува потребата од организирано третирање на проблемот на менаџментот на човечки ресурси во организациите и на менаџмент концептот воопшто. За таа цел се укажува на фундаменталните теории и концепти на менаџментот, неговите функции како и предизвиците пред кои е исправен овој концепт во новите услови на стопанисување. Поставувајќи го вака проблемот, целта е да се потенцира неговото значење и неопходност не само за да се укаже на големото значење на менаџментот туку и да се претстави потребата од развој и надоградување на сите негови делови. Разгледувајќи го менаџментот на човечки ресурси како дел од системот на управување, недвосмислено се потенцира поврзаноста на човечкиот капитал со деловниот резултат на организацијата. На ова место и за таа цел се претставени и активностите и задачите на менаџментот на човечки ресурси како што се: анализа на работата, планирање на понудата и побарувачката на човечки ресурси, регрутација, селекција на вработени, обука, развој, наградување, работни односи и особено оценувањето на перформансите на вработените.<br><br>Во ***второто поглавје,*** се презентира повеќедимензионален поглед на управувањето со перформансите на вработените каде акцентот е ставен на целите и карактеристиките на процесот на управување со перформансите на вработените, улогата и значењето која ја има во организациите со сите негови во теоријата зададени и обработени фази, чекори и активности, прилагодени и насочени кон рационалноста во работењето. Ова поглавје претставува своевидна експликација на проблемот после која што се преминува на соодветно третирање на сите негови есенцијални елементи и влијанија.<br><br>*Во* ***третото поглавје*** се дефинираат перформансите кои не ги опфаќаат резултатите од однесувањето на работниците и што работниците произведуваат, туку истите се однесуваат на однесувањето и на тоа што и како работниците делуваат на својата работна позиција. Исто така, тука се обработуваат и детерминантите и факторите кои влијаат на детерминантите на перформансите. Факторите кои ги одредуваат перформансите се под влијание на вработените (нивните способности и предходни искуства), практиките на управувањето со човечките ресурси и работната средина. Објаснети се и пристапите за мерење на перформансите, а посебно акцент е ставен на однесувањето, резултатите и личните карактеристики.<br><br>***Четвртото поглавје*** е посветено на суштествените фактори кои влијаат врз перформансите на вработените. Во ова поглавје авторот разгледувајќи ја организацијата како жив |

| | |
|---|---|
| | организам кој функционира во рамките на динамичното опкружување, експлицитно ги анализира и објаснува факторите кои влијаат на перформансите на вработените во организацијата, а се од екстерна природа. Воглавно, може да се каже дека организацијата има ограничени можности за менување на своето окружување, но што подобро го познава своето окружување во кое таа делува, толку повеќе и подобро ќе може да се прилагоди на него и секако ќе биде во можност да развие стратегии соодветни за делување во тоа окружување. Листата на суштествени фактори од кои зависи успешноста на пристапот е потполнета и со обработката на факторите кои се однесуваат на квалитетот на хуманиот капитал меѓу кои посветеноста и приврзаноста на вработените кон организацијата, задоволството од работата на вработените, стилот на водење на менаџерите кои имаат значајно влијание врз управувањето со перформансите на вработените. Авторот укажува на потребата од соодветно третирање и на организациската култура која претставува понатамошен поттик за зголемена мотивација на вработените, генерирање на профит и успешна крајна изведба, потоа стресот на работното место, конфликтите во организацијата, и особено системот на плаќање на кои на ова место во трудот им се дава посебно внимание и соодветна елаборација како основа на која понатаму низ трудот ќе се бараат и откриваат дополнителни перспективи за развој и надоградба на целокупниот процес на управувањето со перформансите на вработените во организацијата.<br><br>***Петото поглавје*** го елаборира прашањето за планирањето на човечките ресурси како инструмент за реализација на стратегијата на организацијата. Тоа е процес на идентификување на идните потреби за човечки ресурси кои се неопходни за остварување на планот на организацијата и дефинирање на неопходните чекори кои се потребни за задоволување на тие потреби. Понатаму во ова поглавје се дефинирани потребните способности и вештини на вработените со кои се дефинираат соодветни однесувања на поединците во организацијата, избирање прави луѓе, нивно развивање и едукација, наградување со соодветни награди и развивање и управување на нивната кариера, се со цел унапредување на делотворноста на организацијата како целина. Со цел да се оствари успешно планирање на перформансите на вработените неопходно е и поставувањето на целите на организацијата како и нивно усогласување со целите на вработените. Покрај поставувањето на целите и нивното усогласување се поставуваат и стандарди на перформансите на вработените, се истакнуваат критичните одговорности на перформансите на вработените се со цел на крај да се креира политиката на организацијата во однос на управувањето со перформансите на вработените со што се создава организиран пристап на организацијата кон решавањето на овој проблем. |

| | |
|---|---|
| | Во ***шестото поглавје*** како логичен след на претходните елаборирања авторот акцентот го става на оценувањето на перформансите на вработените во организацијата каде што ќе бидат разгледани факторите кои влијаат врз оценувањето на перформансите на вработените, изборот на оценувачи на перформансите на вработените како и циклусот на оценување на перформансите на вработените. Значајно место во оваа глава завземаат методите и инструментите за оценување на перформансите на вработените во организацијата кои ќе ги користиме во понатамошното истражување на зададената проблематика. Понатаму во оваа глава се опфатени и грешките и изворите на грешки при оценувањето на перформансите на вработените како и квалитетот на оценувањето на перформансите на вработените во организацијата. После ова квантифицирање на поставениот проблем се отвораат можности за донесување на издржани констатации и предлози кои треба да придонесат за зголемување на развојните потенцијали на организациите.<br><br>***Седмото поглавје*** е посветено на подобрувањето на перформансите на вработените коишто претставуваат водечка перспектива во однос на резултатите за самата работа, на работното место и за вработените. Според тоа, подобрувањето на перформансите се однесува на тоа да се остане фокусиран на вистинските цели додека организацијата се соочува со вистински ограничувања и конкурентски притисоци, да се прави тоа кое додава вредност, и да соработува со вистински луѓе. Исто така се однесува на тоа да се биде систематичен и дисциплиниран кога се оценува ситуацијата, да се анализираат можните причини, да се дизајнираат и имплементираат изводливи решенија, и да се оцени дали е направено нешто различно. Да се биде вешт и во управувањето и во подобрувањето на перформансите е од суштинско значење за личната и организациската ефективност. Централно место во оваа глава завземаат преиспитувањето на стратегиите за справување со конфликтите и развој на соработка меѓу вработените, креирање на спремност кај вработените за поддржување и реализација на промените во организацијата, понатаму перманентна надоградба и преиспитување на програмите за обука и развој на вработените, планирањето на кариерниот развој на вработените, јакнењето на тимскиот дух и приврзаноста на вработените кон организацијата и на крај но не помалку значајно поврзувањето на системот на плаќање со перформансите на вработените сé во насока на зголемување на развојните потенцијали на организациите.<br><br>Во ***осмото поглавје***, извлечените теориски сознанија се надополнети со согледувања од практиката од работењето на деловните субјекти во Република Северна Македонија, заради укажување од потребата за примена на процесот на управување со резултатите на вработените како и имплементирање на мерки и програми за нивно континуирано подобрување. |

| | |
|---|---|
| | Во овој дел, врз основа на истражувањето, авторот во синтетизирана форма, низ потврдување на основните ставови изложени во хипотезите, јасно и концизно ги елаборира своите завршни согледувања, втемелени врз резултатите до кои доаѓа во текот на истражувачката работа. Резултатите од истражувањето претставуваат оригинален научен придонес за улогата и значењето на процесот на управување со перформансите на вработените во организациите како и неговото влијание врз организациските и пазарните перформанси на организациите во Република Северна Македонија.<br>Резултатите од спроведеното истражување покажуваат дека примената на процесот на управување со перформансите на вработените има позитивен ефект врз организациските и пазарните перформанси на организациите. Четирите испитани компоненти на процесот на управување со перформансите на вработените: вклученоста на вработените во имплементирањето на стратегијата на организацијата, планирањето на перформансите на вработените, оценката на перформансите на вработените, како и примената на мерки за подобрување на перформансите на вработените во организацијата се во позитивна корелација со организациските и пазарните перформанси на организациите во Република Северна Македонија. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Од претходно изнесеното, но и од анализата на книгата може да се заклучи дека истата го покрива како теоретскиот, така и практичниот дел од програмата по предметот Управување со резултати на Факултетот за економски науки. Притоа, обработените содржини целосно ја покриваат програмата по предметот Управување со резултати и бидејќи истите се на напредно ниво, предложената книга наполно соодветствува за квалитетно реализирање на предавањата и вежбите по наведениот предмет. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Рецензентите преку детална анализа, континуирани дискусии и размена на мислења за книгата која е предмет на рецензија за учебник, го делат ставот дека не се потребни никакви корекции на оваа публикација. |
| **Оцена на книгата:** | Книгата со наслов „УПРАВУВАЊЕ СО РЕЗУЛТАТИ“ обработува современа и актуелна тема од аспект на економските, организациските и воопшто општествените науки. За пишување на делото е консултирана, синтетизирана и елаборирана селектирана литература од релевантни автори за областите од интерес. Сублимираните сознанија од анализираната проблематика во текстот, несомнено се корисни како за теоретичарите, така и за практичарите, со што авторот истовремено придонесува за развој и |

| | |
|---|---|
| | збогатување на научната и стручната литература во земјата, како и за унапредување на практиката.<br>Книгата им овозможува на студентите да се стекнат со соодветни знаења, умеења и способности од областа на перформанс менаџментот, а со тоа ќе бидат подготвени за професионално менаџирање на организациите во нашата земја и странство како и креирање соодветни ефективни и ефикасни стратегии во организациите.<br>Ракописот е пишуван концизно и на потребно стручно и методско рамниште и претставува добро осмислен научен труд кој ќе предизвика голем интерес кај пошироката јавност. |
| **Категоризација:** | Учебник по предметот Управување со резултати кој наполно соодветствува за реализација на наставата по предметот за кој е наменета. |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Од деталниот преглед на книгата, може да се заклучи дека авторот има големо теоретско познавање од изложената област. Направен е вистински избор на структурата и содржината на материјалот кој е предмет на разработка во книгата. Материјалот технички е подготвен на завидно ниво, јазикот е јасен за целната група, а графиконите и табелите ја заокружуваат целината. Книгата со приложената содржина е потребна и сосема е оправдано нејзиното рецензирање за универзитетски учебник. |

Врз основа на изнесеното, чест и задоволство ни е, оваа книга да ја предложиме како универзитетски учебник за предметот Управување со резултати за студентите од прв и втор циклус студии.

Во Скопје, Јуни 2023 год.

**Рецензенти**

Проф. д-р Роберт Димитровски

Емеритус проф. д-р  Мирко Трипуноски

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски трудови усвоени на наставно-научните совети на Американскиот Универзитет на Европа - ФОН**
**билтен бр. 5**

| Факултет за правни и политички науки | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| | **"Отворен Балкан како регионален пазар"** | 23-332/3 06.04.2023 | проф. д-р Мерсел Билали | Егзон Гури |
| | **"Влијанието на разузнавачките служби во креирање на дипломатските односи со други држави"** | 23-396/3 16.05.2023 | проф. д-р Насер Етеми | Исак Рамадани |
| | **"Анализа на улогата на криминалистичкото разузнавање во откривањето на организираниот криминалитет"** | 23-509/3 16.05.2023 | проф. д-р Татијана Ашталкоска Балоска | Иво Џуклески |
| | **"Утврдување на видови и управување со криминалистички истаги"** | 23-510/3 16.05.2023 | проф. д-р Стефан Буџакоски | Ивица Шулески |
| | **"Теоретска и практична анализа на оперативна дејност во откривање на казнените дела"** | 23-508/3 16.05.2023 | проф. д-р Стефан Буџакоски | Кристијан Каменчев |
| | **"Карактеристики на постапките кои се спроведуваат пред нотар – практични аспекти"** | 23-500/3 16.05.2023 | проф. д-р Зинета Асани | Мелек Алију |
| | **"Извршување на кривични санкции во Република Северна Македонија"** | 23-375/3 16.05.2023 | проф. д-р Митасин Беќири | Ерлинда Салиу |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **“Нацијата во услови на глобализација”** | 23-494/3 16.05.2023 | проф. д-р Мерсел Биљали | Абиљ Зеќири |
| | **“Исполнувањето на меѓународните договори во меѓународното право”** | 23-416/3 16.05.2023 | проф. д-р Мерсел Биљали | Снежана Танчева |
| | **„Улогата на омбудсманот во заштитата на правата на сопственост со посебен осврт во Република Северна Македонија”** | 23-677/3 22.06.2023 | проф. д-р Зинета Асани | Адевије Демче |
| | **„Мерки за обезбедување на присуство на обвинет во кривична постапка”** | 23-666/3 22.06.2023 | проф. д-р Наташа Тодоровска | Ардиан Мифтари |
| | **„Специфики на застапувањето во граѓанско-правните односи и даночно-правниот однос** | 23-671/3 22.06.2023 | проф. д-р Сејдефа Џафче | Јане Нешкоски |
| | **„Доброто корпоративно управување предуслов за деловен успех и конкурентност на македонските компании на глобален пазар”** | 23-650/3 22.06.2023 | Проф. д-р Зорица Силјановска | Марко Франц |
| | **„Компаративна анализа за утврдување противправност”** | 23-681/3 22.06.2023 | проф. д-р Стефан Буџакоски | Патриција Рудски |
| | **„Улогата на јавниот обвинител во претходна постапка во Република Северна Македонија”** | 23-645/3 22.06.2023 | проф. д-р Наташа Тодоровска | Сема Маслар |
| | **„Правна природа на гаранцијата во граѓанското и во даночното право”** | 23-656/3 22.06.2023 | проф. д-р Сејдефа Џафче | Тамара Јаневска |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **„Принципот на праведност при оданочување на доходот на физичките лица во Република Северна Македонија”** | 23-657/3 22.06.2023 | проф. д-р Сејдефа Џафче | Татјана Шикова |
| **Факултет за економски науки** | **Наслов на тема** | **Одлука** | **Ментор** | **Студент** |
| | **Трансформациско лидерство: влијание на организациска култура и зајакнување на работна сила** | 20-296/3 22.03.2023 | проф. д-р Ирена Ашталкоска | Петар Димовски |
| | **Влијанието на Брегзит врз надворешно-трговската размена помеѓу ЕУ и Велика Британија”** | 20-258/3 22.03.2023 | проф. д-р. Саво Ашталкоски | |
| | **„Предизвици на маркетинг менаџментот во претпријатијата во Република Северна Македонија”** | 20-188/3 22.03.2023 | проф. д-р Баки Колеци | Џетан Џапа |
| | **„Интегрирани маркетинг комуникации и односи со јавност во справување со дезинформации”** | 20-272/3 22.03.2023 | проф. д-р Мирко Трипуноски | Стефанија Бојаџиева-Марковска |
| | **„Совемени модели на менаџирање со здравствените установи”** | 20-517/3 17.05.2023 | проф. д-р Силвана Јовческа | Мухамет Алиу |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **"Градење концепти - Интегрирани маркетинг менаџмент комуникации и иновациски политики во македонскиот бизнис сектор"** | 20-554/3 26.06.2023 | проф. д-р Мирко Трипуноски | Жарко Димитриоски |
| | **"Промени во монетарната политика на Европската централна банка како одговор на Ковид кризата"** | 20-689/3 26.06.2023 | проф. д-р. Саво Ашталкоски | Александар Јанакиески |
| | **"Преговарање како вештина на менаџерот за успешно работење"** | 20-669/3 26.06.2023 | проф. д-р Силвана Јовческа | Бертан Сулејман |
| | **„Интегрирани маркетинг комуникации според стиловите на донесување на одлуки при дизајнирање на модни брендови''** | 20-643/3 26.06.2023 | проф. д-р Мирко Трипуноски | Екатерина Петреска |
| | **"Влијанието на тимската работа врз успешноста на организацииите во Република Северна Македонија"** | 20-671/3 26.06.2023 | проф. д-р Ирена Ашталкоска | Надица Стојковска |
| | **" Улогата на внатрешната ревизија врз финансиските перформанси - студија на случај „Халк Банка''"** | 20-555/3 29.06.2023 | проф. д-р Флорије Мифтари | Хисније Сулејмани |
| **Факултет за детективи и безбедност** | **Наслов на тема** | **Одлука** | **Ментор** | **Студент** |
| | **„Крвни деликти во општина Штип со посебен осврт на кривичното дело убиство"** | 17-298/3 22.03.2023 | доц. д-р Самир Салиевски | Марија Спасова |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **„Траги и предмети подигнати при увид на лице место – нивна понатамошна постапка на прием и процесуирање во ОКТИВ''** | 17-459/3<br>10.05.2023 | доц. д-р Самир Салиевски | Аџи Аџиовски |
| | **„Влијанието на глобализацијата врз процесите на радикализација кои водат до тероризам''** | 17-579/3<br>14.06.2023 | доц. д-р Анита Глигорова | Мартина Ацковска |
| **Факултет за дизајн и мултимедија** | **Наслов на тема** | **Одлука** | **Ментор** | **Студент** |
| | **„Изработка на амбиентален концепт арт низ виртуелни мултимедијални панорами инспирирани од книгата „Марсовец""** | 22-367/3<br>06.04.2023 | проф. м-р. Игор Шокаровски | Адријан Зајков |
| | **„Дизајн на в оведувачка секвенца за ТВ серија „GHOST""** | 22-385/3<br>06.04.2023 | доц. м-р Марко Ружин | Зафир Јованов |
| | **„Од уметност до мода: студија за влијанието на Василиј Кандински врз модниот дизајн"** | 22-520/3<br>17.05.2023 | доц. м-р Емилија Славкова | Снежана Чоловиќ |
| **Факултет за спортстки менаџмент** | **Наслов на тема** | **Одлука** | **Ментор** | **Студент** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **„Компаративна анализа на менацирањето на односите со јавноста на социјалните мрежи кај фудбалските клубови од прва македонска лига и фудбалските клубови од турска прва супер лига”** | 21-393/1 25.04.2023 | проф. д-р Весна Јованова Симева | Сара Димовска |
| **Факултет за странски јазици** | **Наслов на тема** | **Одлука** | **Ментор** | **Студент** |
| | **„Важноста и комплексноста на медицинските преводи поврзани со пандемијата предизвикана од вирусот Ковид 19”** | 16-263/3 10.04.2023 | проф. д-р Љубица Кардалеска Радојкова | Марија Кулевска |
| **Архитектонски факултет** | **Наслов на тема** | **Одлука** | **Ментор** | **Студент** |
| | **„Проектирање на туристички хотел во Попова Шапка - Тетово”** | 18-464/3 04.05.2023 | доц. м-р Едона Арифи Садику | Шкељќим Шерифи |
| | **„Одржлив спортски рекреативен центар со сместувачки капацитети”** | 18-559/3 19.06.2023 | проф. д-р Мимоза Клековска | Никола Русевски |
| **Факултет за информатика** | **Наслов на тема** | **Одлука** | **Ментор** | **Студент** |
| | **„ Развојни стратегии на Вештачка Интелигенција -Економско глобализациони карактеристики”** | 19-665/3 29.06.2023 | проф. д-р Мирко Трипуноски | Мирослав Стојковски |